**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-202/9**

**Скопје, 06.06.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЛИПКОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за комунално уредување на Општина Липково (во натамошниот текст Фондот) за 2004 година, кои се прикажани на страните од 6 до 8 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за Буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Фондот за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Усамедин Алили - градоначалник на општина Липково од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 06.03 до 12.03.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор
- Катица Николовска, виш ревизор
- Катерина Чаловска-Алексовска, ревизор и
- Стојан Николовски, помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

______________________

согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Фондот за комунално уредување ги врши работите за изградба на патишта иако постои посебен орган, т.е. Фонд за локални патишта чија дејност е изградба на патишта. Средствата што се трансферирани од Фондот за магистрални и регионални патишта на РМ, општината ги дотира на Фондот за комунално уредување.
Ваквиот начин на работа говори за преклопување на надлежностите меѓу Фондовите и покрај прецизираните дејности во актите за основање.
Ова е резултат на слабата процена на економската оправданост во периодот на формирање на Фондовите, недоволниот број на стручни вработени лица, непочитувањето на препораките на Министерството за финансии за укинување на Фондовите до 31 декември 2003 година.
Сето ова придонесува за зголемување на расходите, ненаменско користење на средствата кое пак има влијание врз реалноста на финансиските извештаи.
**Препорака:**
Ревизијата не дава препорака по овој наод бидејќи во јуни 2005 година Фондот за комунално уредување е укинат согласно Законот за финансирање на ЕЛС.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Не е извршен попис на материјалните средства, изворите, паричните средства, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2004 година и не е извршена исправка на вредноста на евидентираните материјални средства што е спротивно на Законот за сметководството на буџети и буџетските корисници. Непочитувањето на законските прописи придонесува за нереално проценување на билансните состојби, а со тоа и до нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
- Препораките кои се дадени во овој извештај се во надлежност на општина Липково бидејќи со измените во Законот за финансирање на ЕЛС, дејностите од фондовите преоѓаат во надлежност на Органот на општината.

- Доследна примена на Правилникот за сметководството на буџети и буџетските корисници во делот на одредбите за редовен годишен попис и отпис на материјалните средства.

10.2.2. Финансиските трансакции во сметководството на Фондот за комунално уредување се евидентираат со примена и на паричниот и на пресметковниот принцип на евидентирање на промените. Ваквиот начин на евидентирање на промените е во спротивност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
Како ефект од ова, на сметката на Фондот евидентирани се приходи во износ од 27,181 илјади денари за кои нема прилив на парични средства, како и расходи за истиот износ за кои нема одлив на парични средства од сметката на Фондот. Ова произлегува од цесиите кои се спроведени со изведувачите и разните институции на Владата на Република Македонија по основ на обезбедени средства за реализација на конкретни проекти.
Непочитувањето на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и неприменувањето на принципот на парично искажување на сметководствените промени доведува до нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
- Да се почитува буџетскиот принцип на искажување на приходите и расходите, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
- Да не се практикуваат формите на плаќање како што се компензации, цесии и асигнации бидејќи со истиот се нарушува буџетскитот принцип на евидентирање во сметководството.

10.2.3. За капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба, реновирање и друг вид на вложување правниот субјект не води евиденција на позицијата Матријални средства во подготовка, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во одреден објект, соодветно на тоа и да се евидентира зголемување на набавната вредност и деловниот фонд, при давање на истите во употреба.
**Препорака:**
Вложувањата во материјалните средства да се евидентираат на ставките за инвестиции во тек – градежни објекти, опрема и друго и по активирањето да се евидентираат од овие ставки на ставките за Материјални средства во употреба и истовремено да се изврши зголемување на Деловниот фонд.

## 10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

10.3.1. На позицијата Купување на капитални средства во делот на ставката Изградба, реновирање и унапредување евидентирани се расходи во износ од 33,151 илјади денари по основ на изградба на објекти за кои финансиската документација е некомплетна што не е во согласност со одредбите од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, (прикажани во Прилог 1 кон овој извештај), а поради следниве причини:

- За ниту еден проект на ревизијата не беа дадени на увид градежни книги и градежен дневник;
- Само неколку од доставените времени ситуации имаат датум на издавање и периодот за кој се однесуваат, така што за останатите не може да се следи издавањето на ситуацијата и периодот за кој се извршени работите со датумот на спроведувањето на цесиите кон изведувачите;

- Надзорен орган над работите под точките 1,3,4 и 5 е лицето Башким Османи за кого на ревизијата не и беше презентирана лиценца - доказ за стручна оспособеност за вршење надзор согласно Законот за изградба на инвестициони објекти, и
- Ниту една од ситуациите не се архивски заведени во деловодникот.

Извршената евиденција на промените во сметководството врз основа на формално неисправни документи е во спротвност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и истото придонесува за изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Сметководствената евиденција на промените да биде врз основа на сметководствени документи согласно член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

### 10.4. Неправилности во искажувањето на билансот на состојба

10.4.1. Ставката Активни временски разграничувања во делот на подставката Побарувања за платен ДДВ е преценета во износ од 6,310 илјади денари поради што е извршено преценување на ставката Пасивни временски разграничувања, а поради погрешна примена на Законот за данокот на додадена вредност.

Со решение од Управата за јавни приходи, Фондот за комунално уредување на општина Липково е регистриран даночен обврзник за данокот на додадена вредност.

Фактот што Фондот е регистриран ДДВ обврзник, не му дава право на одбивка на секој влезен данок поради одредбите на член 10 од законот за ДДВ каде децидно е наведено дека органите на локалната самоуправа не се се даночни обврзници за делот на дејностите што се однесуваат на извршувањето на јавните функции, а кои се предвидени со член 22 од Законот за локална самоуправа.

Непочитување на законските прописи придонесува за погрешна евиденција на промените во сметководството, што за резултат има изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Да се изврши усогласување на состојбите на наведените ставки во согласнот со законските прописи кои ја третираат оваа област.

10.4.2. Позицијата Извори на средства е потценета  за износ од 7,919 илјади денари поради што е потценета ставката Активни временски разграничувања за истиот износ, а поради погрешна примена на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници во делот на евиденцијата на материјалните средства и нивните извори како кореснодентни ставки.

Имено, зголемувањето на Материјалните средства се врши за вкупниот износ на трошоците искажани во фактурите и ситуациите за градба, додека Изворите на средствата се зголемуваат за делот на искажаните расходи по основ на извршено плаќање на фактурите и ситуациите кон добавувачите.

Ваквиот начин на евиденција на материјалните средства и нивните извори придонесува за нереално проценување на билансните позиции во Билансот на состојба, а со тоа и изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Надлежното одделение за сметководство на општина Липково да изврши корегирање на наведените позиции согласно состојбите наведени во наодот.

### 10.5. Ненаменско и незаконско користење на средствата

10.5.1. Поради неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки утврдени се следните наоди:

- Не се води регистар на јавните набавки што е спротивно на член 17 од Законот;

- Не се утврдува максимална вредност на набавката спротивно на член 22 од Законот за јавни набавки;
- Членовите на комисијата за јавни набавки се назначуваат за секое спроведување на јавна набавка од страна на градоначалникот на општина Липково во која комисија се вклучени и надворешни лица. Менувањето на составот на комисијата за јавни набавки за секое спроведување на постапка за јавна набавка е спротивна на член 20 ставовите 2 и 5 од Законот за јавни набавки;
- Од приложената документација од спроведените постапки за јавни набавки која беше приложена на увид, ревизијата не можеше да обезбеди доволно податоци за запазување на процедурите предвидени согласно Законот за јавни набавки поради следниве причини:
    - Поради постојаното менување на составот на комисијата за јавни набавки и поради тоа што нема лице кое било задолжено за прибирање, средување, калсифицирање и чување на документацијата;
    - Одлуките за потребата од јавна набвка, записниците од комисијата за спроведената постапка и избор на изведувач, решенијата издадени од градоначалникот за именување на изведувачи, ревизијата ги обезбеди поединечно од архивираната документација на општина Липково;
    - Ревизијата не можеше да дојде до податок дали имало жалби по одделни јавни набавки и како е решено по нив;
    - Тендерските документи, бонитети и понуди, беа доставени без класификација по проекти и тоа дел од нив.

Спроведување на постапките за јавни набавки спротивно на Законот за јавни набавки создаваат можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречуваат конкуренцијата и придонесуваат за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката, а особено:

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од 1,609 илјади денари.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 10.2. до 10.4. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба кај Фонд за комунално уредување на општина Липково под 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1., 10.3., и 10.5 кај Фонд за комунално уредување на општина Липково не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје, 19.05.2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**ФОНД ЗА КОМУНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ОПШТИНА ЛИПКОВО**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | | 0 | 2,544 |
| Неданочни приходи | 3.3. | 80 | 25 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 32,323 | 1,073 |
| **Вкупно приходи** | | **32,403** | **3,642** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и други услуги | 3.1.1. | 75 | 218 |
| Тековни трансфери | 3.1.2. | 1,284 | 2,148 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1,359** | **2,366** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 31,044 | 1,276 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **31,044** | **1,276** |
| **Вкупно расходи** | | **32,403** | **3,642** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **0** | **0** |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | | **0** | **0** |

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

**ФОНД ЗА КОМУНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ОПШТИНА ЛИПКОВО**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања | 4.1.1. | 109 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 16,161 | 8,856 |
| **Вкупно тековни средства** | | **16,270** | **8,856** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 38,428 | 1,473 |
| **Вкупно постојани средства** | | **38,428** | **1,473** |
| **Вкупна актива** | | **54,698** | **10,329** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 17,751 | 8,713 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.2. | 19 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 6,419 | 143 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **24,189** | **8,856** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 30,509 | 1,473 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **30,509** | **1,473** |
| **Вкупна пасива** | | **54,698** | **10,329** |

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба на ден 01 Јануари 2004** | **1,473** | **-** | **1,473** |
| **Зголемување по основ на:** | **30,509** | **-** | **30,509** |
| Набавки | 30,509 | - | **30,509** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **1,473** | **-** | **1,473** |
| Отпис на капитални средства | 1,473 | - | **1,473** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | **-** |
| Амортизација | **-** | | **-** |
| **Состојба на ден 31. Декември 2004** | **30,509** | **-** | **30,509** |